**Македонијатурист а.д.**

*Хотелско угостителско акционерско друштво*
*ул.Филип Втори Македонски бр.5, 1000 Скопје, Република Македонија*
*Тел: +389 (0)02 329 27 31, Факс: +389 (0) 02 329 277 6*
*e-mail: maktur@makedonijaturist.com.mk*

Со одлука на Управниот Одбор на "Македонијатурист" АД – Скопје на седницата одржана на 11.03.2024 година, донесен е Бизнис планот на акционерското друштво за 2024 година со проекција на следните приходи и расходи:

## ПРОЕКТИРАН ПЛАН НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 ГОД.

Износ во денари

| Ред. бр. | Позиција | Остварено во 2023 | Планирано остварување во 2024 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **341.742.186** | **357.287.492** | **105%** |
| 1. | **Приходи од продажба на домашен пазар од основна дејност** | 324.751.629 | 340.362.706 | 105% |
| 2. | **Други деловни приходи** | 16.990.557 | 16.924.786 | 100% |
| | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **300.192.463** | **310.865.449** | **104%** |
| 3. | **Трошоци за суровини и материјали** | 30.912.667 | 32.873.560 | 106% |
| 4. | **Услуги со карактер на материјални трошоци** | 39.579.306 | 39.798.241 | 101% |
| 5. | **Трошоци за вработени** | 89.334.048 | 95.940.133 | 107% |
| 6. | **Амортизација на материјалните и нематеријалните средства** | 77.909.495 | 79.670.650 | 102% |
| 7. | **Останати трошоци на работењето** | 62.456.947 | 62.582.865 | 100% |
| | **ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **41.549.723** | **46.422.043** | 112% |

Коментар кон Бизнис планот за 2024 година:

Во бизнис планот на "Македонијатурист" АД – Скопје за 2024 година се проектирани приходи и расходи од основната дејност на Друштвото и истиот е базиран на:

- фактичката состојба на остварувањата во претходните три деловни години 2021,2022 и 2023 година,
- остварувањето на приходите за деловната 2024 година е планирано со 4 (четири) подружници и тоа: Хотел Холидеј Ин, Бест Вестерн Хотел Турист, Хотел Карпош и Хотел Белви, додека пак подружниците Хотел Водно, Хотел Бристол, Хотел Јадран, поранешен Хотел Сарај и Ресторан Пивница нема да вршат деловна активност.

- високите стапки на инфлација

- негативните последици од енергетската криза
- геополитичките случувања во светот
- реалните очекувања, проекции и можности на капацитетите, тековните и новите пазари за пружање на услуги,
- политика на управување со ризик,
- зголемување на ефикасноста на сопствените ресурси.

При вакви услови проектирано е за идната деловна 2024 година Друштвото да оствари зголемен раст на вкупните приходи од 5%, додека пак трошоците се очекува да се зголемат за 4%, а кое секако зависи и е во дирекна корелација и со планираните вкупни приходи, притоа водејќи сметка и за рационализација на нематеријалните трошоци онаму каде за тоа постои реална можност, без последици на квалитетот на пружените крајни услуги на корисниците на нашите хотелско угостителски услуги.
Друштвото за 2024 година планира да оствари повисока добивка од редовното работење, споредено со минатата година.

Со планираните инвестиции за тековно и инвестициско одржување во 2024 година се очекува да се завршат веќе започнатите инвестициски активности и да се започнат нови во постоечките деловни објекти на Друштвото.

И покрај ваквите услови за работа, Друштвото ќе настојува со максимална грижа при менаџирањето, проектираниот и усвоен Бизнис план за 2024 година да претставува остварлива цел.

Македонијатурист АД- Скопје